**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ**

**ЈАСЕН**

Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"
Бр. 03- 42/1
15.01. 2021 год.
СКОПЈЕ

*Влада на Република Северна Македонија*

*Бр. ___________*
*Скопје,*

***ЈПУЗПП ЈАСЕН***
*11 Октомври 23 а*
*1000 Скопје*
*Тел. (02)3115-016*
*(02)3239-019*
info@jasen.com.mk
*www.jasen.com.mk*

Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН" – Скопје, применувајќи го доследно Законот за шуми (Сл. весник на РМ бр. 64/09 и 160/14 и одредбите според член 70 и 70 „а" за јавна продажба на дрвни сортименти, оваа година на официјалната веб страна www.jasen.com.mk, го објавува следниов

# ЈАВЕН ПОВИК
## (за правни лица)

Се повикуваат сите заинтересирани правни лица кои се заинтересирани да учествуваат по објавениот ЈАВЕН ПОВИК за дрвна маса од ветроломи, суви дрва со изгубен квалитет, како и опожарена дрвна маса од опожарени оддели на шумско-камионски пат според Посебниот план, за тековната 2021 година.

Учесниците на Јавниот повик може да се информираат преку наведената веб страна на Јавното претпријатие или евентуално и детално во Управата на претпријатието за управување и заштита на повеќенаменското подрачје.

Купувачите може да ги користат Барањата како прилог на Јавниот повик или може да аплицираат и во Управата на повеќенаменското подрачје кај лицето дипл. шум. инж. Гоце Ставревски, преку Архивата.

Управата на ЈП "ЈАСЕН" ќе изготви Договори по доставените барања, регулирајќи ги меѓусебните односи како продавач и купувачи.

Управата на претпријатието го задржува правото за распоред на купувачите по работни единици.

Краен рок за поднесување на Барање е 31.03.2021 година.

ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје

Директор
дипл.прав. Новица Зечевиќ